Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17, член 71 став (4) и член 235 став (2) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19) и член 31 став (1) точка 2) и став (3) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51/19 и 54/19), постапувајќи по службена должност, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 30 септември 2019 година донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ОРГАНИЗИРАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО ПАЗАРОТ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. Лиценцата за вршење на енергетската дејност организирање и управување со пазарот на електрична енергија на Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје, издадена со Одлука Бр. 02-1342/1 од 14 ноември 2005 година, изменета со Одлука УП1 Бр. 12-47/17 од 21 март 2017 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/05 и 38/17) ПРЕСТАНУВА.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, ќе се применува од 1 октомври 2019 година, а ќе се објави во Службен весник на Република Северна Македонија и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), постапувајќи по службена должност утврди неспоивост во вршење на две или повеќе енергетски дејности согласно Законот за енергетика.

Согласно член 71 став (4) од Законот за енергетика, Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (во натамошниот текст: АД МЕПСО Скопје), како носител на лиценца за пренос на електрична енергија не може да има лиценца за организирање и управување со пазарот на електрична енергија. Со цел исполнување на оваа законска одредба АД МЕПСО Скопје на 8 октомври 2018 година го основа Националниот оператор на пазар на електрична енергија - МЕМО ДООЕЛ Скопје, кој треба да ја врши дејноста организирање и управување со пазарот на електрична енергија.

Согласно член 235 став (2) од Законот за енергетика, ако во лиценцата се утврдени права и обврски кои не се во согласност со Законот за енергетика, носителот на лиценцата ја врши енергетската дејност согласно издадената лиценца, до измена или престанување на важење на лиценцата од страна на Регулаторната комисија за енергетика.

Согласно член 31 став (1) точка 2) од Правилникот за лиценци лиценцата престанува да важи со утврдување на неспоивост во вршење на две или повеќе енергетски дејности со закон или друг пропис.

Регулаторната комисија за енергетика на 25 септември 2019 година донесе одлука за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност организирање и управување со пазарот на електрична енергија на Националниот оператор на пазар на електрична енергија - МЕМО ДООЕЛ Скопје УП1 бр. 12-15/19 од 25 септември 2019 година ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 197/19), која ќе започне да се применува од 1 октомври 2019 година .

Регулаторната комисија за енергетика на 30 септември 2019 година одржа седница и врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17, член 71 став (4) и член 235 став (2) од Законот за енергетика и член 31 став (1) точка 2) и став (3) од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за престанок на лиценцата за вршење на енергетската дејност организирање и управување со пазарот на електрична енергија на Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 12-47/17**
**30 септември 2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Марко Бислимоски**

изготвил: Марија Костадиновска
одобрил: Елена Колевска